# ИЗВЕШТАЈ ЗА САЈБЕР НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** И **ПРЕПОРАКИ**

*СЕПТЕМВРИ 2024*

**Финансирано од Европската Унија. Искажаните ставови и мислења припаѓаат на авторите и неопходно не ги отсликуваат оние на Европската Унија. Европската Унија не може да понесе одговорност за нив.**

## ЗАСЛУГИ:

**Вирџинија Дала Поца**
Водечки автор

**Илиана Балабанова**
Претседател на ЕЖЛ

**Мери Колинс**
Генерален секретар на ЕЖЛ

**Вероника Забоја**
Координација на проектот

**Марија Жоао Фаустино**
Научен придонес

**Ивон Редин**
Графички дизајн

**Лора Каун, Ирена Росалес, Алексија Фафара, Вероника Забоја**
Соработници

Funded by the European Union

EUROPEAN WOMEN'S LOBBY EUROPEEN DES FEMMES

# КРАТЕНКИ

**ВИ**
Вештачка интелигенција

**ГРЕВИО**
Експертска група за борба против насилството врз жените и семејното насилство

**ДПЖ**
Директива за правата на жртвите

**ЕЖЛ**
Европско женско лоби

**ЕИГЕ**
Европски институт за родова еднаквост

**ЕКЧП**
Европска конвенција за човекови права

**ЕПРС**
Служба за истражување на Европскиот парламент

**ЗДУ**
Закон за дигитални услуги

**ИКТ**
Информатичко-комуникациска технологија

**КДУ**
Координатор за дигитални услуги

**МГОП**
Многу големи онлајн платформи

**МГОП**
Многу големи онлајн пребарувачи

**НВЖ**
Насилство врз жените

**НИП**
Насилство од интимен партнер

**ОН**
Обединети нации

**РБН**
Родово базирано насилство

**СЕ**
Совет на Европа

**СН**
Сајбер насилство

**СН**
Семејно насилство

**СНВ**
Сајбер насилство врз жените

**СНЖД**
Сајбер насилство врз жени и девојки

**ТОН**
Технолошки олеснето насилство

**ТОНВЖ**
Технолошки олеснето насилство врз жени

**ФРА**
Агенција на Европската унија за основните права

**ЦОР**
Цели за одржлив развој

# Насилството врз жените (НВЖ) е манифестација на машката доминација и нивната нееднаква моќ врз жените да ги замолчат, да ги контролираат нивните животи, тела и сексуалност и „да им покажат каде им е местото“.

Машкото насилство врз жените има многу појавни форми и е дел од континуитетот на насилство што е темелен во патријархалното општество. Не постои ниту една земја во светот каде што жените и девојките се ослободени од насилството на мажите и ниту една област од животот на една жена каде што таа не е изложена на закана или на реалноста од насилството од мажите.

Дигиталниот свет/култура не е исклучок од ова правило. Според податоците на ЕИГЕ,[1] се проценува дека една на десет жени веќе имаат доживеано некаква форма на сајбер насилство од 15 годишна возраст.

За да се постигне правда во насока на сузбивање на онлајн насилството потребни се силни меѓународни правни мерки и политики, бидејќи виртуелниот простор не познава географски граници. Потребен е холистички пристап кој опфаќа правни алатки за спречување на сајбер насилство (СН) и ефикасна заштита на жртвите, одговорност на технолошките компании, како и координирани одговори за да се оспори сексизмот и културолошките норми за машката доминација врз жените. Исто така, мора да се реши и порно индустријата.  Никогаш не треба одговорноста да биде на жените за да се спречи насилството на мажите врз жените.

Овој документ е извршно резиме на „Извештајот за сајбер насилството врз жените: Преглед на политики и препораки“ на Европското женско лоби (ЕЖЛ), кој е достапен на англиски јазик. Извештајот се темели на мисијата, визијата и принципите на Европското женско лоби (ЕЖЛ): женските права подразбираат човекови права, солидарност, автономија, учество и инклузија.

# ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ И МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Надоврзувајќи се на извештајот #HerNetHerRights и Resource Pack[2] од 2017, овој извештај има за цел да обезбеди препораки за креаторите на политики и другите засегнати страни за да се спротивстават на сајбер насилството врз жените (СНВЖ).

Извештајот има **пет главни цели**:

- Да се стекне увид во СНВЖ и неговите клучни карактеристики.
- Да се разгледа правната рамка и политики за СНВЖ на меѓународно, ЕУ и национално ниво;
- Да се идентификуваат клучните предизвици во оваа област;
- Да се прикажат избрани примери на добри практики за тоа како да се одговори на СНВЖ;
- Да се дадат препораки за институциите на ЕУ и земјите-членки за ефикасно справување со СНВЖ.

Истражувањето на коешто се заснова овој извештај беше спроведено во периодот март-мај 2024 година, и беа користени следниве истражувачки методи:

- **Канцелариско истражување:** длабинско канцелариско истражување со кое беа опфатени широк спектар на материјали, вклучувајќи студии, извештаи, статии, веб-страници, бази на податоци и проекти за СНВЖ издадени од меѓународни, ЕУ и национални чинители.
- **Преглед на закони и политики**: беше спроведен детален преглед на правни документи/документи за политики на ЕУ, меѓународно и национално ниво, за да се мапираат законодавните инструменти и политики кои можат да бидат применливи за СНВЖ.
- **Консултации со засегнатите страни**: со цел понатамошно истражување на конкретни теми од извештајот , беа консултирани пет клучни засегнати страни од различни категории (академици, институции, невладини организации).



# САЈБЕР НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ
**(СНВЖ)**

Сајбер-насилство (СН) подразбира употреба на онлајн и комуникациски технологии за да се предизвика, олесни или да се упати закана за насилство врз поединци.[3] Постојат значајни разлики во дефинициите за СН не само помеѓу земјите, туку и меѓу клучните чинители во оваа област, што резултира со различни терминологии и методологии во однос на мерењата. Сајбер насилството врз жените (СНВЖ) претставува форма на **родово-базирано насилство**.[4] Доказите јасно покажуваат дека СН има **родова димензија**: кај жените има поголема веројатност да доживеат посебни форми на родово насилство во дигитален контекст, како одраз на сличен модел на насилство врз жените (НВЖ) во физичкиот свет.[5] **Сајбер насилството е вкоренето во истиот контекст на нееднаквоста на жените како и насилството врз жените во физичкиот свет**.[6] Дигиталните простори ја зајакнуваат и интензивираат **системската и структурна родова нееднаквост**, како и моделите на штетен маскулинитет кои се двигател за сите форми на НВЖ.[7]

Според Советодавниот комитет за еднакви можности за жените и мажите,[8] и според ЕЖЛ, СН претставува дел од **континуитет на НВЖ**; тоа не постои во вакуум, туку произлегува од и е во прилог на повеќе форми на насилство во физичкиот свет.[9] Онлајн насилството и насилството во физичкиот свет навистина се често меѓусебно поврзани и/или испреплетени.[10] Иако СНВЖ е штетно како и насилството во физичкиот простор, сепак има одредени специфични карактеристики што го разликуваат од другите форми на НВЖ, и тоа го прави особено опасно. **Сајбер насилството се карактеризира со голем досег, пренос и брзина,** што го отежнува контролирањето на типот на информации што се шират преку дигиталните средства. Зголемената анонимност што ја нудат дигиталните и виртуелните простори им овозможува на корисниците да уживаат неказнивост за однесувањето. **Тешко е да се елиминира**, и поради тоа жртвите се повторно трауматизирани.

**Сторители на СНВЖ** може да бидат партнери на жртвите или нивни поранешни партнери, членови на семејството, пријатели или анонимни лица. **СНВЖД честопати може да има исто толкаво сериозно влијание, како и насилството во физичкиот простор.**[11] Жртвите често се повлекуваат од дигиталната сфера, замолчувајќи се и изолирајќи се, притоа губејќи ги можностите да го наградуваат своето образование, професионална кариера и мрежи за поддршка.[12]

# ГЛАВНИ ФОРМИ НА СНВЖ

Во извештајот се претставени главните форми на СНВЖ, и тие не треба да се сметаат како посебни категории, бидејќи секоја форма на СН е поврзана со други форми, и во онлајн и во физичкиот свет, согласно на концептот на континуитет на насилството. Во извештајот се прифаќа фактот дека формите на сајбер насилство се во континуиран подем, со оглед на брзата еволуција на дигиталното опкружување.

## НАЈЗАСТАПЕНИ ФОРМИ:

Податоците за најзастапените форми на СН се разликуваат од едно до друго истражување, во зависност од методологијата и географската област што се разгледува, како и од дефинициите за СН што се користат. Сепак, се чини дека сајбер малтретирањето, сајбер демнењето, неконсензуалното споделување на интимен материјал и говорот на омраза се најраспространетите форми.[13]

## ФОРМИ КОИ СТАНУВААТ СÈ ПОГОЛЕМА ЗАКАНА:

Меѓу различните форми, **употребата на вештачка интелигенција (ВИ), виртуелната реалност и онлајн игрите** стануваат сè поголема закана за жените. Употребата на вештачка интелигенција придонесе за нагло **зголемување на дигиталните сексуални фалсификати (познати како “deepfakes”)**.[14] Како што е објавено во студијата на ЕПРС од 2021 година, алатките за вештачка интелигенција со кои се креираат дигитални сексуални фалсификати, брзо се развиваат и секој ден стануваат поевтини, пософистицирани и достапни за корисниците.[15] Извештајот за глобалните ризици на Светскиот економски форум за 2024[16] година ги рангира погрешните информациите кои се првенствено поттикнати од **“deepfakes”** како најсериозен глобален краткорочен ризик со кој светот ќе се соочи во следните две години.

Постојат добри докази за родовата димензија на оваа појава. Мета на сексуалните дигитални фалсификати речиси исклучиво се жените.[17] Поголемиот дел од deepfake видеата кои моментално циркулираат на интернет навистина содржат сексуални слики од жени. **Се проценува дека помеѓу 90% и 95% од сите „deepfakes“ се однесуваат на материјал кој прикажува голотија или експлицитни сексуални активности;[18] и најголем број од тие „ deepfakes “ (90%) се однесуваат на жени.[19]**

**Покрај тоа, технологијата за 3D анимација** сè повеќе може да генерира видеа со сличен квалитет како „deepfake“ технологијата базирана на вештачка интелигенција.[20] Некои deepfake програми дури и комбинираат генерирање на слики со ВИ и 3D анимација; тоа најмногу се аватарни технологии кои прават анимации од 3D моделите на главата или целото тело на една личност. Употребата на 3D аватари се прошири во метаверзумот каде што се зголеми бројот на вознемирувачки случаи каде жени се сексуално нападнати и малтретирани од 3D аватари. [21]

# „Манософера“ претставува мрежа на онлајн машки заедници кои се залагаат за различни машки права и интереси, истовремено промовирајќи мизогинистички идеологии, антифеминистички и сексистички верувања.

Исто така, бидејќи сè повеќе жени се приклучуваат на заедниците за онлајн игри, тие пријавуваат дека се соочени со висока стапка на сексуално вознемирување на интернет. Заедниците за онлајн игри се смета дека се една од најнеправичните онлајн средини за жените.[22]

## МАКРО-ФОРМИ:

Иако постојат бројни форми на СНВЖ и истите различно се дефинирани од страна на државите и засегнатите страни, сепак може да се идентификуваат неколку макро-категории на СНВЖ. Тие се опфатени со првата Европска директива за НВЖ усвоена во април 2024 година: неконсензуално споделување на интимен или манипулиран материјал; сајбер демнење; сајбер вознемирување и сајбер поттикнување на насилство или омраза.

## ДРУГИ ФОРМИ:

Во овој извештај се дава опис и на други форми на СН (на пр. Google бомба, sealioning (тролање) итн.). Листата е неисцрпна со оглед на тоа дека со подемот на дигитализацијата и брзиот развој на технологијата и понатаму се појавуваат нови форми. „Манософерата“ и порнографијата се опишани како еден дел од тие други форми.

**„Манософера“** претставува мрежа на онлајн машки заедници кои се залагаат за различни машки права и интереси, истовремено промовирајќи мизогинистички идеологии, антифеминистички и сексистички верувања. Тие ги обвинуваат жените и феминистките за секаков тип на проблеми во општеството. Многу од овие заедници поттикнуваат незадоволство, па дури и омраза кон жените и девојките.[23] **Порнографијата** промовира штетни стереотипи преку начинот на кој жените се прикажани. Продукцијата и продажбата на порнографија вклучува и охрабрува НВЖ и игра клучна улога во обликувањето на концепциите за односите кај мажите и жените. Освен тоа, порнографијата го прави насилството „секси“. Податоците покажуваат дека стапките на силување се повисоки во државите со повисок тираж на порнографски списанија. [24]

# ЗАСТАПЕНОСТ

**Отсуството на договорени дефиниции за СН и методологии за негово мерење особено ги отежнуваат напорите да се направи проценка на обемот на овој проблем.**[25] И покрај недостатоците и разликите во методологиите, сепак **и на меѓународно ниво и на ниво на ЕУ постојат обиди да се утврди размерот на СН.**

На **меѓународно ниво**, глобалниот извештај[26] кој ги синтетизира резултатите од истражувањата за онлајн НВЖД, од 2018 година досега, проценува дека помеѓу 16-58% од жените доживеале СН. Исто така, Единицата за разузнавање на Economist откри дека 38% од жените имале лични искуства со онлајн насилство, а 85% од жените кои поминуваат време на интернет биле сведоци на дигитално насилство врз други жени.[27]

**Сериозниот недостаток на податоци и истражувања за СНВЖ е главен проблем исто така и на ниво на ЕУ.** Агенцијата за основни права (ФРА) има направено неколку обиди за да се определи застапеноста на некои форми на СНВЖ уште во 2014 и 2019.[28] Истражувањето на ФРА од 2019[29] покажа дека 13% од жените биле предмет на сајбер-вознемирување во петте претходни години. Други интересни податоци може да се најдат во истражувањето од 2021 година на HateAid.[30] Во истражувањето беа опфатени 2.000 испитаници на возраст помеѓу 18 и 80 години од сите земји на ЕУ за нивните искуства со дигиталното насилство. Резултатите посочуваат дека: 50% од младите возрасни лица (18-35 години) во ЕУ се засегнати од омраза на интернет; 30% од жените низ ЕУ стравуваат дека лажни интимни слики на кои тие се прикажани може да бидат споделени без нивна согласност; 80% од испитаниците лошо ги оценуваат онлајн платформите.[31]

На **национално ниво**, во Германија, Франција и Шпанија, повеќе од една на две (53%) од жените на возраст од 18 до 34 години биле жртви на злоупотреба базирана на слики. Од тие жени жртви, 82% пријавиле дека се чувствуваат понебезбедно, а некои сакаат целосно да се повлечат од онлајн- просторот.[32] Во Франција, повеќе од 4 од 10 луѓе велат дека биле жртви на сајбер вознемирување.[33]



## РОДОВАТА ДИМЕНЗИЈА НА СН

**Сајбер насилството има родова димензија.** Според извештајот на ФРА од 2023[34] фокусиран на онлајн омразата во објавите на социјалните мрежи, **жените се соочуваат со повеќе онлајн вознемирување од која било друга целна група** (луѓе со африканско потекло, Евреи и Роми). Слично на тоа, една американска студија покажа дека 33% од жените под 35 годишна возраст пријавуваат дека биле сексуално вознемирувани онлајн, во споредба со 11% од мажите.[35] Во иста насока, ГРЕВИО[36] истакнува дека и мажите и жените може да се соочат со случаи на интерперсонално насилство, но сепак, кај **жените е значително поверојатно да бидат предмет на повторливи и сериозни форми на злоупотреба, како во физичкиот** простор, така и онлајн.

Иако сите жени кои имаат пристап до дигиталниот простор се изложени на ризици од СН, некои групи на жени се особено ранливи. Дигиталните форми на родово базирано НВЖ може да бидат особено изразени кај жени и девојки кои се во ризик или кои се изложени на интерсекциски форми на дискриминација, и тоа може дополнително да се влоши, меѓу останатото, и поради фактори како што се **попреченост, сексуална ориентација, политичка припадност, религија, социјално потекло, миграциски статус или статус на позната личност, и возраст.[37] Жените во јавниот живот, вклучувајќи ги и активистките за женски права, жените бранители на човековите права, жените во политиката и жените новинарки, исто така, често се мета на СН**.[38]

## СТОРИТЕЛИ

Сторители на СНВЖ може да бидат и мажи и жени. Сепак, во најголем дел од случаите, постои тенденција жените да бидат мета на мажи, кои можат да ѝ се непознати или познати на жртвата.[39] На пример, најголемиот број на сторители на сексуална злоупотреба базирана на слики се мажи.[40] **Сторител може да бидат едно или повеќе лица.** Со оглед на фактот дека технологијата овозможува лесно и брзо ширење на штетни содржини, треба да се идентификуваат **и примарните и секундарните сторители**. На пример, едно лице може да сподели интимна слика без согласност (примарен сторител) која потоа може да биде видена и споделена од мноштво корисници (секундарни сторители).[41]



## ВЛИЈАНИЕТО НА СНВЖ ВРЗ ЖЕНИТЕ

### СНВЖ често се смета за помалку сериозна и помалку штетна форма на РБН; сепак, како и физичкото и сексуалното насилство, тоа може да има сериозни последици врз здравјето и животот на жените.

СНВЖ кое се карактеризира со јавност, сеприсутност, повторливост и непрекинатост, **како и поврзаноста помеѓу насилството онлајн и во физичкиот простор, ги доведуваат жртвите во постојан страв и несигурност**.[42]

ГРЕВИО посочува на сериозните психолошки, економски и социјални влијанија на СНВЖ. Покрај последиците на лично и општествено ниво, постојат и значителни финансиски последици од СНВЖ, како што се трошоците за здравствена заштита настанати како резултат на вознемирување, нарушување на перспективите за кариера, губење на работа и отсуство од работа. Студијата на ЕПРС покажа дека вкупните трошоци од сајбер вознемирувањето и сајбер демнењето, за поединците и општеството се проценуваат помеѓу 49,0 и 89,3 милијарди евра.[43]

**Ефектите врз жените во политиката и новинарството се особено штетни. Кај жените во политиката се јавува тенденција да ја намалат политичката активност, тоа ги одвраќа од учество на изборите, па дури и предвремено да ја напуштат функцијата**.[44] Тоа секако има сериозно влијание и на жените новинарки. Една студија покажа дека 30% од интервјуираните жени новинарки се самоцензурирале на социјалните мрежи како резултат на онлајн НВЖ.[45] Како резултат на СНВЖ, учеството на жените во јавноста и нивното лидерство се ограничени, и жените за замолчани, дискредитирани и цензурирани.

# ПРАВНА РАМКА И ПОЛИТИКИ ЗА СНВЖ

## НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

На **меѓународно ниво**, Обединетите нации (ОН) и Советот на Европа (СЕ) веќе постапуваат во врска со СНВЖ. Главниот правен инструмент е Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство **(Истанбулска конвенција).**[46] ЕУ пристапи кон Истанбулската конвенција во јуни 2023 година, шест години по нејзиното потпишување, со што Конвенцијата во ЕУ стапи на сила на 1 октомври 2023 година.[47] И покрај ратификацијата од страна на ЕУ, пет земји-членки на ЕУ[48] сè уште ја немаат ратификувано.

Иако Конвенцијата не се однесува на СНВЖ, нејзиниот опсег, како што е дефинирано во член 2, го опфаќа и насилството извршено во онлајн простор и преку ИКТ. Покрај тоа, членовите што се однесуваат на сексуално вознемирување (член 40) и демнење (член 34) се применливи за СНВЖ. Конвенцијата ќе се толкува од аспект на **Општата препорака бр .1 на ГРЕВИО**,[49] каде манифестирањето на НВЖ во дигиталниот простор се категоризира како израз на родово базирано насилство (РБН) кое е опфатено со Истанбулската конвенција.

## НА НИВО НА ЕУ

На **ниво на ЕУ**, главниот законодавен инструмент е **Директивата 2024/1385 за борба против насилството врз жените и семејното насилство**,[50] усвоена од Парламентот на ЕУ и Советот на ЕУ во април 2024 година. Во неа се содржани четири члена посветени на СНВЖ: член 5 за неконсензуално споделување на интимен или манипулиран материјал; член 6 за сајбер демнење; член 7 за сајбер вознемирување и член 8 за сајбер поттикнување на насилство или омраза. Директивата, исто така, ги утврдува правата на жртвите на сите форми на НВЖ или СН и предвидува нивна заштита.[51]

Директивата може да се **смета за значаен исчекор за подобра заштита на жените и девојките од НВЖ**. Тоа покажува **значително подобрување** во настојувањето да се воведат минимални правила во врска со овие форми на СН.[52] Во однос на силните страни, во **само еден инструмент** се опфатени формите на НВЖ и во физичкиот простор и онлајн. Покрај тоа, опфатени се и двете форми каде што жртвата обично го познава сторителот (на пр. демнење, вознемирување) и каде што жртвата не го познава сторителот (на пр. омраза, deepfake, итн.). И покрај силните страни, **Директивата сепак има ограничувања и е предмет на критики**. На пример, членовите 5-8 за СНВЖ, се однесуваат на **намерно однесување**. Тоа упатување отвора одредени правни предизвици со оглед на тоа дека намерата за делото мора да се докаже. Тоа става **„сериозен" товар на докажување на жртвите на СН**, исто така, ако се земе предвид сложеноста на новите технологии што се користат за извршување на СН и фактот дека жртвите може да немаат вештини за информатичка и комуникациска технологија (ИКТ). Освен тоа, членовите 5, 6 и 7 се однесуваат на **„сериозна штета"**. Оваа состојба создава правна несигурност за жрт-

вите низ и во земјите, оставајќи ја одлуката на судското убедување за тоа дали таквото однесување е казниво. Оваа формулација се заснова на недостаток на свест за штетноста на СН. [53]

Понатаму, членовите 5 и 7 се однесуваат на тоа дека одреден материјал, преку ИКТ е достапен **за „јавноста“**. Во воведните упатувања 18, во врска со член 5, толкувањето на терминот „јавност“ е оставено на дискреционото право на судијата според околностите и користените технологии, каде може да има ризик да бидат исклучени, **на пример, групи на Whatsapp**. Воведното упатување 26, во врска со членот 8, наместо тоа, наведува дека „јавноста“ треба да се сфати како досег **до неограничен број корисници**. Поширокиот термин „други крајни корисници“, како што предложи Парламентот на ЕУ, би бил пожелен, како што е појаснето и од страна на ЕЖЛ. [54]

**Член 5(б) за неконсензуално споделување на манипулиран материјал, исто така, има ограничен опсег;** се однесува само на материјал каде што лицето се чини дека е „вклучено во сексуални активности“. Оттука, членот ја **исклучува голотијата, а голем дел од сексуалните дигитални фалсификати ги остава надвор од опсегот**. Дополнително, тоа што може да претставува „сексуална активност“ веројатно значително ќе се разликува во земјите-членки и ќе доведе до конфузност во однос на дефинирањето.

Упатувањата на исклучоците поврзани со **„слободата на изразување“** и **„слободата на уметноста и науката“** во член 5 и воведното упатување 20 се исто така алармантни бидејќи би можеле да се искористат за да се оправда неконсензуалното споделување на интимен материјал. Тоа може да ја поништи ефективноста на овој член, доделувајќи им право на судските органи по свое убедување да одлучат дали да го криминализираат неконсензуалното споделување на интимни слики или не. Според ЕЖЛ, поимот слобода на изразување не треба да прерасне во начин на кој се дава оправдување на онлајн омразата и родовата дискриминација. [55]

Брзото **отстранување на штетниот материјал** е предвидено во член 23 од Директивата за НВЖД и СН; оваа мерка претставува надополнување на дејствието што се презема според друг клучен инструмент во дигиталната област, **Законот за дигитални услуги[56] (ЗДУ)**. Овој закон, усвоен во октомври 2022 година, има за цел да создаде побезбедна онлајн средина за потрошувачите и компаниите во ЕУ. Законот дефинира јасни одговорности за онлајн платформите и социјалните мрежи; се занимава со нелегални содржини и производи, говор на омраза и дезинформации; и ја зголемува транспарентноста преку подобро пријавување и надзор.

Според академската заедница,[57] мерките во **Законот за дигитални услуги може да се сметаат за добредојдено признание за распространетоста и штетите од сексуалната злоупотреба базирана на слики. РБН се препознава како една од макро областите на ризици** , заедно со други ризици. Во рамките на оваа макро област на РБН, Комисијата моментално работи на создавање на **специфични категории[58] во рамките на „Пакетот за известување за транспарентност"**. Друг позитивен развој во рамките на Законот за дигитални услуги е фактот што сега **Комисијата ги определи трите порно платформи (Pornhub, XVideos и Stripchat) како Многу големи онлајн платформи (МГОП)** во декември 2023.[59] Тоа е направено за да се зголеми одговорноста во однос на транспарентноста и заштитата на децата.

## ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПРАВНИ ИНСТРУМЕНТИ НА ЕУ КОИШТО СЕ ПРИМЕНЛИВИ ЗА СНВЖ СЕ:

- **Законот за вештачка интелигенција (ВИ)**[60] усвоен од Европскиот парламент на 13 март 2024 година. Иако Законот претставува можност да се ублажат некои од ризиците што ги носи злоупотребата на ВИ, како што се „deepfakes“, тој не содржи експлицитно упатување на СНВЖ. Покрај тоа, Законот само генерички упатува на родовата еднаквост.[61]

- **Директивата за правата на жртвата**[62] (Директива 2012/29/ЕУ), сè уште е во фаза на ревидирање од 2024 година, во која се наведува дека сите жртви на криминал (вклучително и на СН) и членовите на нивните семејства треба да бидат препознаени и третирани со почит и без дискриминација, врз основа на индивидуален пристап што е прилагоден на потребите на жртвата.





- **Директивата за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите**[63] (Директива 2011/36/ЕУ)[64] која беше ажурирана во април 2024 година. Во ревидираната верзија е вклучена и трговијата со луѓе извршена или олеснета преку ИКТ, вклучувајќи ги и интернетот и социјалните мрежи, како отежнувачка околност поврзано со сексуална експлоатација.

- **Регулативата за општа заштита на податоците**[65](Регулатива(ЕУ)2016/679)содржи „право на бришење“, попознато како право да биде заборавено. Сепак, регулативата не дефинира никаква форма на СН, но обезбедува заштита на жртвите на СН (на пр. жртви на неконсензуално споделување на интимни слики) и предвидува изрекување на санкции против лицето одговорно за споделување на содржина без согласност и против лицето кое го објавило таквиот материјал.[66]

# Директивата може да се смета за значаен исчекор за подобра заштита на жените и девојките од НВЖ

## НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Некои земји-членки презедоа важни чекори за спречување и борба против одредени аспекти на СНВЖ во последните пет години.[67] На пример, во **Франција**, сајбер-малтретирањето на жените и девојчињата е воведено како ново кривично дело. Во **Словенија и Полска**, законодавството го криминализира демнењето и во физичката и онлајн средината. **Италија** воведе ново кривично дело, незаконското ширење на сексуално експлицитни слики или видеа, а **Австрија** усвои пакет за онлајн говор на омраза, со нови алатки за надминување на овој проблем. Во **Естонија** беше формирана единица за „веб полицајци" во полицијата, која е специјализирана за справување со говор на омраза и вознемирување на интернет, додека Законот за вознемирување, штетна комуникација и поврзани дела од 2021 година **во Ирска** ги криминализира сите форми на неконсензуално споделување на интимни слики, со казни од 10 години затвор.[68] Надвор од ЕУ, **Обединетото Кралство неодамна усвои нови иницијативи за криминализирање на сајбер флешингот и поопшто за нелегалните содржини онлајн преку Законот за онлајн** безбедност, за кој беше добиена и согласност од кралството во 2023.[69]

# КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ

Идентификувани се следните предизвици:

- **Недостатокот на свест и потценувањето на** сериозноста на СНВЖ се главен проблем што придонесува за недоволно пријавување на инцидентите.

- На меѓународно ниво и на ниво на ЕУ, **сè уште не постои усогласена дефиниција за СНВЖ**. Како резултат на тоа, **правните и статистичките дефиниции на СН се разликуваат во голема мера во** разни земји и организации. Покрај тоа, повеќето дефиниции **се родово неутрални и не ја препознаваат поврзаноста помеѓу насилството во физичкиот простор и онлајн.**

- Со оглед на брзиот развој на технологијата, постои тенденција **за кусо време да застарат правните рамки за СНВЖ.**

- **Недостатокот на податоци за СНВЖ** дополнително се влошува поради фактот дека постоечките **податоци често не се расчленети** по пол, возраст, релацијата на жртвата со сторителот, попреченост или други релевантни фактори.

- **Недоволната застапеност на жените во ИКТ секторот придонесува за недостаток на родова димензија во ИКТ производите,** вклучувајќи ги и онлајн игрите и платформи за виртуелна реалност, каде што СНВЖ е во подем.

- **Кај релевантните чинители постои ниска свест за СНВЖ и различните начини на кои се манифестира,** вклучувајќи ги тука судиите, обвинителите, полицијата, здравствените работници и едукатори, **кои немаат доволно обука и специјалистичка експертиза.**

- **Социјалните мрежи и онлајн платформите секогаш не дејствуваат ефикасно** за да се отстранат нелегални и штетни содржини. **Системите за поднесување приговори** на онлајн платформите не се секогаш по мерка на корисниците, поради што жртвите не знаат кому можат да се обратат за да побараат поддршка.



## ДОБРИ ПРАКТИКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СНВЖ

### Во и надвор од ЕУ постојат одредени идентификувани добри практики од различен тип; и истите се категоризирани врз основа на нивниот опсег и фокус. По еден пример за секоја практика е даден подолу:

- **Градење капацитети:** Во Словенија беа организирани семинари и обуки за службениците за спроведување на законот и судиите со цел зајакнување на нивниот капацитет за истражување и кривично гонење кога постои дигитална димензија кај насилството врз девојките и жените. Исто така, беше усвоен и дистрибуиран прирачник со упатства за постапување со случаите на СНВЖ до сите словенечки полициски станици и дирекции, обвинителства и судови.[70]

- **Вклученост на националните институции за човекови права**: Националните институции за човекови права играат важна улога во борбата против СНВЖ, особено кога нивниот мандат им овозможува да ги истражат случаите на онлајн говор на омраза. Во Белгија, Институтот за еднаквост меѓу жените и мажите поднесе кривична пријава против платформа на социјална мрежа која одби да ги отстрани неконсензуалните интимни слики.[71]

- **Превенција**: Студијата,[72] финансирана од Советот за истражување во областа на општествените и хуманистичките науки (SSHRC) и Canadian Heritage, открива како зајакнувањето на младите со дигитални вештини може да биде сила против сè поголемиот подем на дезинформации, поттикнати од „дипфејк" и технологии за вештачка интелигенција. Студијата се фокусира на тоа како младите го перцепираат влијанието на „deepfakes" и го истражува нивниот капацитет и подготвеност ефикасно да се спротивстават на дезинформациите.

- **Вклученост на жртвите**: Коалицијата Reclaim за ставање крај на сексуалното насилство базирано на слики на интернет,[73] претставува глобална мрежа на лидери за да се забрза одговорот на сексуалното насилство базирано на слики на интернет на глобално ниво преку заеднички иницијативи кои вклучуваат застапување, политики, технологија и услуги за жртвите. Коалицијата упатува на поединци со познавање од прва рака на сексуалното насилство базирано на слики како „експерти со животно искуство". Коалицијата им дава глас на жртвите и нивните искуства.

- **Линии за помош**: Линијата за помош за дигитална безбедност на Access Now им помага на жените изложени на ризик од СН да ги подобрат своите практики за дигитална безбедност и обезбедува итна помош за жените

кои се нападнати. Линијата за помош за дигитална безбедност нуди 24/7 директна техничка помош и совети во реално време за групите и активистите на граѓанското општество, медиумските организации, новинарите и блогерите и бранителите на човековите права.




- **Борба против сајбер-сексизмот и онлајн говорот на омраза:** #StopFisha[74] е француска феминистичка невладина организација која има за цел да се бори против сајбер-сексизмот. Организацијата беше основана за поддршка за жртвите и како аларм за да се осуди сајбер-сексизмот за време на пандемијата на Ковид-19. Како што продолжи да расте ова движење, #StopFisha прерасна во невладина организација која сега се справува со сите форми на сексистичко и сексуално сајбер насилство.

- **Специјализирани услуги за поддршка**: Неколку земји имаат воведено специјализирани единици за спроведување на законот со темелни знаења за СНПЖ за да се обезбедат ефективни и одговорни полициски истраги и поддршка на жртвите. Специјалистичките единици за спроведување на законот се сè почести во Латинска Америка. На пример, Сојузната полиција на Мексико има форензички оддел одговорен за истрага на компјутерски криминал, вклучувајќи онлајн и СНВЖ и девојки. Слично на тоа, Националната полиција на Колумбија има сличен Полициски центар за кибернетика, а Сојузната полиција во Бразил има Канцеларија за сузбивање на компјутерскиот криминал.[75]

- **Отстранување на штетни содржини**: Во Обединетото Кралство, линијата за помош - Revenge Porn Helpline (RPH) помага да се спречи лицата да станат жртви на неконсензуална злоупотреба на интимни слики. Од основањето, RPH поддржува илјадници жртви, со над 90% стапка на отстранување на такви содржини, успешно отстранувајќи над 200.000 неконсензуално споделени интимни слики од интернет.[76]

## ПРЕПОРАКИ

**Следниве препораки се формулирани врз основа на длабинско канцелариско истражување, преглед на правни документи и политики, и консултации со засегнатите страни. Иако општите препораки се однесуваат на сите засегнати страни во областа на СНВЖ, изготвени се конкретни препораки за институциите на ЕУ и земјите-членки.**

### ОПШТИ ПРЕПОРАКИ

**Зајакнување на жртвите:** Од суштинско значење е да се чуе ставот на жртвите, како и тие да се вклучат во подготовката и спроведувањето на програмите, политиките и давањето услуги за СНВЖ. Тие често се соочуваат со обвинување, иако жените немаат одговорност да го спречат СН. Потребен е холистички пристап кој вклучува правни алатки за заштита на жртвите и спречување на СН, од големите технолошки компании да се бара да постапуваат одговорно, а неопходно е и да се обезбеди координиран одговор за да се оспори сексизмот и културолошките норми за да се избегне обвинување на жртвите.

**Зајакнување на учеството на жените во технолошкиот сектор:** Од најголема важност е да се обезбеди учество на жените во подготовката на родово одговорни производи. Тоа вклучува дизајн на технологија каде што жените не се сексуализирани и каде што механизмите за пријавување се безбедни и пристапни, а пристапот до поддршка е лесно достапен.

**Зајакнување на соработката помеѓу засегнатите страни:** Зајакнување на соработката помеѓу широк спектар на засегнати страни (чинители во ЕУ, земји-членки, технолошкиот сектор, граѓанското општество, жртвите на СНВЖ, националните институции за човекови права, организациите за женски права итн.) за да се обезбеди ефикасно справување со СНВЖ преку клучни партнерства и координирани активности, а со тоа ќе се избегнат сегашните преклопувања и празнини во дејствувањето. Тековната размена на знаења и соработката меѓу клучните чинители е од суштинско значење, вклучувајќи и учење од земји со понапредни системи за справување со СНВЖ.

**Гаранција дека технолошкиот сектор, а особено социјалните мрежи и онлајн платформите, ги исполнуваат своите обврски:** Социјалните мрежи и онлајн платформите мора да понесат одговорност во борбата против СНВЖ. Технолошкиот сектор треба проактивно, навремено и ефикасно да го следи и отстранува родовиот говор на омраза, сек-

систичките и мизогинистичките содржини и другите форми на СНВЖ. Исто така, треба да ја зајакне соработката со органите за спроведување на законот за соодветно решавање на случаите на СНВЖ. Покрај тоа, тие треба да обезбедат ефективни ресурси на корисниците за да препознаат и да интервенираат против онлајн злоупотребата. Накусо, неопходно е технолошките компании, онлајн платформите и социјалните мрежи, вклучувајќи ги и порно платформите да обезбедат зголемена транспарентност и отчетност, побрзо отстранување на нелегалните содржини, безбедност преку дизајнот и превенција.

**Порнографијата да се смета како дел од континуитетот на НВЖ:** ЕЖЛ го осудува бизнисот со порнографија и ги истакнува огромните финансиски профити направени од порнографските индустрии, каде соучесници се и бизнисите со проституција. ЕЖЛ се залага ЕУ и земјите-членки да преземат активности за да се осигурат дека порнографијата е признаена како форма на НВЖ.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ

**Усогласување на дефинициите и категориите на СНВЖ на ниво на ЕУ и низ институциите на ЕУ** со цел да се надминат постоечките отстапувања низ националните правни системи што ја попречува ефективната заштита и гонење, како и негативното влијае на собирањето податоци. Досега, единствениот обид за усогласување на правните и статистичките дефиниции на СНВЖ е направен од страна на ЕИГЕ.[77] Дефинициите на ЕИГЕ треба да бидат усвоени од сите институции на ЕУ.

**Изработка на упатства и индикатори за собирање податоци за СНВЖ:** ЕУ треба да изработи јасни упатства и индикатори кои ги поддржуваат земјите-членки во нивните напори за собирање податоци за СНВЖ, како што во моментов прави ЕИГЕ.

**Подобрување на Директивата за НВЖ и СН во иднина и проширување на нејзиниот опсег:** Директивата во целина може да се смета за вреден инструмент во заштитата на жените од главните форми на СНВЖ. Сепак, треба да се направат одредени подобрувања во контекст на идното ажурирање на Директивата. Имајќи ја предвид поврзаноста на СН и силувањето, силувањето како секс без слободно дадена согласност треба да биде вклучено во текстот. Упатувањата на намерата за постапките и на „сериозна штета“ треба да се елиминираат бидејќи тие наметнуваат тежок товар на докажување на жртвата. Во прегледот на Директивата треба да се опфати и продукцијата и ширењето на порнографски материјал кој прикажува акти на сексуално насилство, бидејќи тоа претставува една форма на сексуална експлоатација. Опсегот на кривичното дело треба да се прошири за да ги опфати сите форми на сексуална злоупотреба врз основа на слики, вклучувајќи ја и порнографијата.

**Ажурирање на постојното законодавство на ЕУ за справување со родовата природа на СН**: Директивата за правата на жртвите треба да се ажурира со цел да се вклучат членови што се посебно посветени на СН и неговата родова димензија. Рамковната одлука од 2008 година за борба против одредени форми и изрази на расизам и ксенофобија, исто така, треба да се ревидира за да вклучи и упатување на родовиот говор на омраза со помош на ИКТ средства.

# Севкупно, потребна е културолошка системска промена за справување со СНВЖ од родова и интерсекциска перспектива и како дел од континуумот на насилството.

**Ефикасно спроведување на Законот за дигитално услуги:** Европската комисија има извршни и истражни надлежности во врска со обврските според Законот за дигитални услуги. Најважно е Комисијата ефективно да ги спроведува овие надлежности (вклучувајќи го и изрекувањето на парични казни), во соработка со Националните координатори за дигитални услуги, со цел да се гарантира дека онлајн платформите и посредничките услуги ги исполнуваат своите обврски во согласност со Законот за дигитални услуги.

**Да се внесе упатување на СНВЖ во Законот за вештачка интелигенција:** Со оглед на ширењето на сексуални дигитални фалсификати („deepfakes“) и други форми на НВЖ преку ВИ, итно се препорачува идните ажурирања на Законот за ВИ да го опфатат и СН преку сеопфатен родово сензитивен пристап.

**Издавање редовни упатства за новите форми на СНВЖ**: Со оглед на порастот на формите на СНВЖ олеснети од вештачката интелигенција и неможноста правните рамки и политиките да бидат во чекор со новите ИКТ развојни случувања, ЕУ треба редовно да издава упатства за тоа како ефикасно да се одговори на најновите форми на СНВЖ.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ

**Усогласување на националните дефиниции за СНВЖ со усогласените родово сензитивни дефиниции на ЕУ**: Земјите-членки треба да ги вклучат усогласените дефиниции и категории на СНВЖ на ЕУ во сопствените правни рамки и политики, како и во нивните системи за собирање статистика/податоци за да се овозможи собирање споредливи податоци во земјите.

**Редовно собирање квалитетни податоци за СНВЖ:** Во согласност со член 11 од Истанбулската конвенција и член 44 од Директивата за НВЖ, земјите-членки треба да собираат квалитетни податоци за СНВЖ  кои се споредливи и расчленети, следејќи ги упатствата на ЕИГЕ.

**Ратификување и спроведување на Истанбулската конвенција:** Конвенцијата е клучен инструмент за заштита на сите жени од сите форми на насилство, вклучувајќи го и СНВЖ, и затоа е важно Конвенцијата да биде целосно имплементирана од страна на сите земји-членки. Покрај тоа, во согласност со Препораката бр .1 на ГРЕВИО, земјите-членки треба да ја препознаат дигиталната димензија на НВЖ во националните стратегии, програми и акциските планови за НВЖ како дел од холистичкиот одговор на сите форми на насилство.

**Зајакнување на превенцијата во поширока смисла:** Од најголема важност е да се надминат родовите стереотипи и социјалните норми на ниво на општество, вклучително и преку зајакнување на жените. Земјите-членки треба да ја подигнат свеста кај сите професионалци за начините на кои се манифестира и за последиците од СНВЖ.

Превенцијата и свеста за СНВЖ, исто така, треба да се интегрираат во училишните образовни програми од рана возраст, и за момчињата и девојчињата.[78] Покрај тоа, како што препорачува ЕЖЛ во својот извештај,[79] најважно е да се обезбеди задолжително образование за односите и сексуално образование од феминистичка перспектива. Едукацијата на мажите и момчињата за формите, сериозноста и последиците од СНВЖ е исто така од клучно значење. Севкупно, потребна е културолошка системска промена за справување со СНВЖ од родова и интерсекциска перспектива и како дел од континуумот на насилството.

**Криминализација на СНВЖ во согласност со Директивата за НВЖ:** Се препорачува земјите-членки да ги криминализираат главните форми на СНВЖ во согласност со членовите 5 до 8 од Директивата за НВЖ и да законодавството да биде во чекор со технолошкиот развој. За време на фазата на транспонирање, земјите-членки треба да излезат и вон рамките на минималните стандарди за заштита утврдени со Директивата.

**Ефикасно следење и спроведување на усогласеноста со Законот за дигитални услуги:** Од суштинско значење е националните координатори за дигитални услуги ефикасно да ја следат и спроведуваат усогласеноста со Законот за дигитални услуги. Тоа вклучува изрекување на парични казни и, во особено сериозни случаи, ограничување на пристапот на корисниците до услугата.

**Обезбедување отчетност:** Законите и политиките на земјите-членки треба да обезбедат одговорност на сторителите и отчетност на технолошкиот сектор, вклучително и во случај на прекугранични дела на СН. Ефикасното спроведување на правната рамка за СНВЖ е од клучно значење.

**Подобрување на пристапот на жртвите до правни лекови:** Важно е да се гарантираат лесно пристапни и безбедни механизми за пријавување, и онлајн и во физичкиот простор, овозможувајќи им на жените да пријават СН. Информациите за правните патишта и другите правни лекови треба да бидат лесно достапни за жртвите на СНВЖ.

**Обезбедување специјализирани услуги за поддршка:** Од суштинско значење е да се зајакнат капацитетите на давателите на услуги од различни сектори за да се одговори на уникатната природа на СНВЖ и потребите на жртвите. Специјализирана поддршка фокусирана на жртвите, со ИКТ експертиза, треба да се обезбеди преку соодветно финансирање и ресурси. Обезбедување на задолжителна и континуирана едукација и обука за сите релевантни професионалци за да располагаат со знаење за дигиталното НВЖ, што ќе им овозможи да одговорат без да предизвикаат секундарна виктимизација и ретрауматизација на жените.

## БЕЛЕШКИ

[1]EIGE (2022), Борба против сајбер насилство врз жени и девојки. https://eige.europa.eu/gender-based-violence/cyber-violence-against-women?language_content_entity=en

[2]European Women's Lobby (EWL) (2017), #HerNetHerRights, Мапирање на состојбата со онлајн насилство врз жени и девојки во Европа https://www.womenlobby.org/Read-and-share-HerNetHerRights-Resource-Pack-Report

[3]European Parliament Research Service (EPRS) (2021), Борба против родово-базирано насилство: Сајбер насилство. https://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document/EPRS_STU(2021)662621

[4]EIGE (2022), Борба против сајбер насилство врз жени и девојки. https://eige.europa.eu/gen-der-based-violence/cyber-violence-against-wo-men?language_content_entity=en

[5]UN Women (2023), Забрзување на напорите за справување со онлајн и технолошки олеснето насилство врз жени и девојки. https://www.unwomen.org/en/digital-library/publications/2022/10/accelerating-efforts-to-tac-kle-online-and-technology-facilitated-violen-ce-against-women-and-girls

[6]Ibid.

[7]World Wide Web Foundation (2021), Онлајн родово базирано насилство и злоупотреба: Брифинг за консултации. https://uploads-ssl.webflow.com/61557f76c8a63ae527a819e6/61 5585a9bbfeb8836d512947_OGBV_Consultation-Briefing.pdf

[8]Европска комисија, Советодавен комитет за еднакви можности за жените и мажите (2020), Мислење за борба против онлајн насилство врз жени, Брисел. https://commission.europa.eu/document/download/eae53eb9-ca88-4fc0-8a6e-51e771c96f68_en?filename=opinion_online_violence_against_women_2020_en.pdf

[9]Професорката Лиз Кели прва го воспостави концептот за „континуитет на насилството“ во нејзината книга ‘Surviving Sexual Violence’ (1st ed.).(1988). Polity.

[10]European Parliament Research Service (EPRS) (2021), Борба против родово-базирано насилство: Сајбер насилство. https://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document/EPRS_STU(2021)662621

[11]UN Women (2023 Забрзување на напорите за справување со онлајн и технолошки олеснето насилство врз жени и девојки. https://www.unwo-men.org/en/digital-library/publications/2022/10/accelerating-efforts-to-tackle-online-and-technology-facilitated-violence-against-women-and-girls

[12]Ibid.

[13]The Economist Intelligence Unit (2021), Мерење

на застапеноста на онлајн насилство врз жени. https://onlineviolencewomen.eiu.com/. Истражувањето беше спроведено во 45 земји (примерок од 100 одговори за секоја земја).

[14]Терминот 'deepfakes' е кованица од 'deep-learning (длабоко учење)' (упатува на метод на вештачката интелигенција) и 'fake (лажно)'; тоа стана дел од јавниот жаргон во 2017 кога сторител го користеше тој термин на веб страница на Reddit  за да упати на слики и видеа што ги манипулирал со ВИ за да ги внесе лицата на познати женски личности во порнографски видеа без нивна согласност. Со оглед дека сторителот го има измислено овој збор, за да подобро се отслика перспективата на жртвите и феминистичката перспектива, ЕЖЛ претпочита да се користи терминот „сексуални дигитални фалсификати“ како што предлага Мери Ан Франкс,  професорка на Правниот факултет на Универзитетот Џорџ Вашингтон  и Претседател и Директор за законодавни и технолошки политики на Иницијативата за сајбер граѓански права (Cyber Civil Rights Initiative), непрофитна организација посветена на борбата против онлајн злоупотребата и дискриминацијата. Меѓутоа, за да се постигне јасност и за да се испочитува оригиналниот извор на информации, на одредени места во извештајот го задржавме терминот 'deepfakes' во загради.

[15]European Parliament Research Service (EPRS) (2021), Справување со дипфејк во европските политики. Студијата упатува на „неконсензуален порнографски дипфејк“, меѓутоа, ЕЖЛ претпочита да се користи терминот „сексуални дигитални фалсификати“.  https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2021/690039/EPRS_STU(2021)690039_EN.pdf

[16]World Economic Forum (2024), Извештај за глобалните ризици за ризик 2024. https://www3.weforum.org/docs/WEF_The_Global_Risks_Report_2024.pdf

[17]Ibid. Студијата на EPRS (2021) упатува на „неконсензуален порнографски дипфејк“.

[18]Patrini, Georgio (2019), Мапирање на пејзажот со дипфејк. Сензитивност.  Извештајот упатува на „материјал што прикажува порнографија“, меѓутоа, ЕЖЛ претпочита да се упатува на „материјал што опишува голотија или експлицитни сексуални активности’.  https://giorgiop.github.io/posts/2018/03/17/mapping-the-deepfake-landscape/

[19]Ibid.

[20]European Parliament Research Service (EPRS) (2021), Справување со дипфејк во европските политики.  https://www.europarl.europa.eu/RegDataetudes/STUD/2021/690039/EPRS_STU(2021)690039_EN.pdf

[21]Monash Lens (2022),  Сексуалните напади во метаверзулот се дел од поголем проблем. https://lens.monash.edu/@politics-society/2022/07/22/1384871/sexual-assault-in-the-metaverse-theres-nothing-virtual-about-it

[22]Информациите се обезбедени од претставник на DG Connect (интервју на 16.02.2024).

[23]Rothermel, A.-K. (2023), Улогата на мизогинија заснована на докази во антифеминистичките онлајн заедници на „манофсферата“. Big Data & Society, 10(1). https://journals.sagepub.com/doi/10.1177/20539517221145671

[24]Baron & Straus (1984), in Mary Anne Layden. Порнографија и насилство: нов поглед на истражувањата, 2009. https://www.socialcostsof pornography.com/Layden_Pornography_and_Violence.pdf

[25]UN Women (2023), Забрзување на напорите за справување со онлајн и технолошки олеснето насилство врз жени и девојки. https://www.unwomen.org/sites/default/files/2022-10/Accelerating-efforts-to-tackle-online-and-technology-facilitated-violence-against-women-and-girls-en_0.pdf

[26]Hicks, J. (2021), Глобални докази за преваленцата и влијанијата на онлајн родово-базирано насилство (ОРБН).

[27]The Economist Intelligence Unit (2021), Мерење на застапеноста на онлајн насилство врз жените. https://onlineviolencewomen.eiu.com/ Истражувањето беше спроведено во 45 земји (примерок од 100 одговори за секоја земја). https://opendocs.ids.ac.uk/articles/report/Global_Evidence_on_the_Prevalence_and_Impact_of_Online_Gender-based_Violence_OGBV_/26428096?file=48181987

[28]FRA (Европска агенција за основни права) (2014), Насилство врз жени: Истражување низ ЕУ – Извештај со главни резултати, Канцеларија за публикации на Европската Унија, Луксембург. https://fra.europa.eu/en/publication/2014/violence-against-women-eu-wide-survey-main-results-report

[29]FRA (2021), Криминал, безбедност и правата на жртвите – Истражување за основните права. https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2021-crime-safety-victims-rights_en.pdf

[30]HateAid (2021), Омраза без лимити на интернет – Драматична ситуација низ Европа. https://hateaid.org/wp-content/uploads/2022/04/HateAid-Report-2021_EN.pdf

[31]Ibid.

[32]Bumble (2023), Bumble Backs Law to Ban Cyberflashing in 27 Countries. https://bumble.com/en/the-buzz/bumble-backs-law-to-ban-cyberflashing-27-countries-eu-europe

[33]Ipsos (2021), Les Français et le cyberharcèlement Ampleur du phénomène, conséquences, préoccupations et idées reçues. https://www.ipsos.com/sites/default/files/ct/news/documents/2021-12/Enquete%20Ipsos-Meetic.pdf

[34]FRA (2023), Тековни предизвици со онлајн модерирана содржина при откривање говор на омраза. https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2023-online-content-moderation_en.pdf

[35]Pew Research Centre, (2021), Состојбата со онлајн вознемирувањето. https://www.pewresearch.org/internet/2021/01/13/the-state-of-online-harassment/

[36]GREVIO (2021), Општа препорака Бр. 1 за дигиталната димензија на насилството врз жените, Совет на Европа, Стразбур. https://rm.coe.int/%20grevio-rec-no-on-digital-violence-against-women/1680a49147

[37]The global partnership (2023), Технолошки олеснето родово-базирано насилство: Прелиминарна анализа на пејзажот. https://www.gov.uk/government/publications/technology-facilitated-gender-based-violence-preliminary-landscape-analysis

[38]UNESCO (2020), Онлајн насилство врз жени новинарки: глобална слика за инциденти и влијанија. https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000375136

[39]Ibid.

[40]Henry, N., McGlynn, C. ve diğerleri (2020), Сексуална злоупотреба заснована на слики, Студија за причините и последиците на неконсензуалната голотија или сексуални слики. https://www.routledge.com/Image-based-Sexual-Abuse-A-Study-on-the-Causes-and-Consequences-of-Non-consensual-Nude-or-Sexual-Imagery/Henry-McGlynn-Flynn-Johnson-Powell-Scott/p/book/9780367524401

[41]UN Expert Group (2023), Технолошки олеснето насилство врз жени: Кон заедничка дефиниција, Извештај од состанокот на експертската група на 15-16 ноември 2022, Њујорк, САД. https://www.unwomen.org/en/digital-library/publications/2023/03/expert-group-meeting-report-technology-facilitated-violence-against-women

[42]United Nations Population Fund (UNFPA) (2021), За безбедност на сите простори, Технолошки олеснето родово-базирано насилство. https://www.unfpa.org/publications/technology-facilitated-gender-based-violence-making-all-spaces-safe

[43]Ibid.

[44]The European Liberal Forum (2021), Насилство врз жените во европската политика. https://liberalforum.eu/wp-content/uploads/2022/01/violence-against-women-in-european-politics_final.pdf

[45]Posetti, J., et AL. (2021). Глобални трендови во онлајн насилството врз жени новинарки. Документ за истражување на УНЕСКО. https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000377223/PDF/377223eng.pdf.multi

[46]Council of Europe, Конвенција за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство (Истанбулска конвенција) https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=210

[47]European Parliament (2023), Пристапување на ЕУ кон Истанбулската конвенција, https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/ATAG/2023/739323/EPRS_ATA(2023)739323_EN.pdf

[48]Бугарија, Чешка, Унгарија, Литванија и Словачка.

[49]GREVIO (2021), Општа препорака Бр. 1 за дигиталната димензија на насилството врз жените, Совет на Европа, Стразбур. Општа препорака Бр. 1 за дигиталната димензија

на насилството врз жените, Совет на Европа, Стразбур. https://rm.coe.int/%20grevio-rec-no-on-digital-violence-against-women/1680a49147

[50]Директива на ЕУ 2024/1385 за борба против насилството врз жени и семејното насилство. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=OJ%3AL_202401385

[51]Council of the European Union (2024), Насилство врз жени: Советот и Европскиот Парламент постигнуваат договор за правото на ЕУ. https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2024/02/06/violence-against-women-council-and-european-parliament-reach-deal-on-eu-law/

[52]Rigotti, C. and Al. (2023), Кон кривично право на ЕУ за насилство врз жени: Амбициите и ограничувањата на предлогот на Комисијата да се криминализира сексуална злоупотреба заснована на слики. Објавено во: New Journal of European Criminal Law. https://cris.vub.be/ws/portalfiles/portal/92354738/20322844221140713.pdf

[53]EWL (2023), Приоритети за трите страни: Силувањето мора да стане кривично дело во Директивата за насилство врз жени. https://www.womenlobby.org/EWL-Priorities-for-the-interinstitutional-negotiations?lang=en

[54]Ibid.

[55]Ibid.

[56]Регулатива (ЕУ) 2022/2065 на Европскиот парламент и на Советот од 19 октомври 2022 за Единствениот пазар за дигитални услуги и измена на Директивата 2000/31/ЕС (Закон за дигитални услуги) https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/

[57]Professor Clare McGlynn (2022), Сексуална злоупотреба заснована на слики, платформи за порнографија и Закон за дигитални услуги. https://hateaid.org/wp-content/uploads/2022/04/ImageBasedAbuse-and-DSA-Expert-Opinion-McGlynn-and-Woods-17-Jan-2022.pdf

[58]Овие поткатегории се совпаѓаат со формите на СН кои корисниците можат да ги пријават како: сајбер демнење, сајбер вознемирување, сајбер флешинг (тролање), омраза, слики без дадена согласност, итн.

[59]European Commission (2023), Комисијата определи втора група на Многу големи онлајн платформи според Законот за дигитални услуги. https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/news/commission-designates-second-set-very-large-online-platforms-under-digital-services-actTXT/?toc=OJ%3AL%3A2022%3A277%3ATOC&uri=uriserv%3AOJ.L_.2022.277.01.0001.01.ENG

[60]Регулатива (EU) 2024/1689 со која се предвидени усогласени правила за вештачката интелигенција (Закон за вештачка интелигенција). https://eur-lex.europa.eu/eli/reg/2024/1689/oj

[61]Интервју со претставник на DG Connect од 16.02.2024.

[62]Директива 2012/29/EU за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртви на

криминал. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:32012L0029

[63]Директива 2011/36/EU за спречување и борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:32011L0036

[64]Ibid.

[65]Регулатива (EU) 2016/679 за заштита на физички лица во врска со обработка на лични податоци и за слободното движење на тие податоци, (Регулатива за општа заштита на податоци). https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32016R0679

[66]EIGE (Европски институт за родова еднаквост) (2022), Борба против сајбер насилство врз жени и девојки, Вилнус.

[67]Council of Europe (2022), Нема простор за насилство врз жени и девојки во дигиталниот свет. https://www.coe.int/en/web/commissioner/-/no-space-for-violence-against-women-and-girls-in-the-digital-world

[68]Panorama Global (2023), ЈАС НЕ СЕ СОГЛАСИВ: Глобален извештај за пејзажот со сексуално насилство засновано на слики, Подготвен од: The Image-Based Sexual Abuse Initiative. https://assets-global.website-files.

[69]UK Parliament, House of Commons Library, Предлог закон за онлајн безбедност: напредок на предлог законот. https://commonslibrary.parliament.uk/research-briefings/cbp-9579/

[70]Council of Europe (2022), Дигиталната димензија на насилството врз жените кое е адресирано од седумте механизми на платформата EDVAW. https://rm.coe.int/thematic-report-on-the-digital-dimension-of-violence-against-women-as-/1680a933ae

[71]Institut pour l'égalité des femmes et des hommes, Plainte au pénal contre Twitter pour la distribution non-consensuelle d'images intimes | Institut pour l'égalité des femmes et des hommes. https://igvm-iefh.belgium.be/fr/actualite/plainte_au_penal_contre_twitter_pour_la_distribution_non_consensuelle_dimages_

[72]Naffi, N. et Al. (2023), Зајакнување на младите за борба против злонамерен дипфејк и дезинформации: Искуствено и рефлексивно учење според Теоријата за лични конструкти, Journal of Constructivist Psychology. https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/10720537.2023.2294314

[73]Panorama Global, The Reclaim Coalition. Последна посета во мај 2024. https://www.panoramaglobal.org/reclaim

[74]Inach, #StopFisha. Последна посета во мај 2024. https://www.inach.net/stopfisha/#:~:-text=Created%20in%20April%202020%20during%20the%20quarantine%2C%20the,gi-ven%20to%20the%20practice%20of%20disse-minating%20intimate%20content.

[75]Council of Europe (2022), Дигиталната димензија на насилството врз жените, адресирано од седумте механизми на платформата EDVAW. https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/edvaw-platform

[76]StopNCII, About us. Последна посета во мај 2024. https://stopncii.org/about-us/

[77]EIGE (2022), Борба против сајбер насилство врз жени и девојки. https://eige.europa.eu/gender-based-violence/cyber-violence-against-women?language_content_entity=en

[78]Важноста на превенцијата беше потенцирана од сите консултирани засегнати страни (види Анекс II од целосниот извештај).

[79]EWL (2020), Едукација за феминистичка сексуалност. https://www.womenlobby.org/IMG/pdf/lef_sexeduc_web.pdf